анализа и политики 25/10/23

Влада на Република Северна Македонија
Генерален секретаријат

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Sekretariati i përgjithshëm

**КАБИНЕТ НА ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА ЗАДОЛЖЕН ЗА ПОЛИТИКИ ЗА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ**

Арх. број/ Num. ark.: 10-10698/2
Датум/Data: 2023 ~~2-8-10-2023~~ 25.10.2023

10 10377/2

**До:Фондација за интернет и општество Метаморфозис**
**Ул:„ Франклин Рузвелт" бр. 19 кат 2**

**Предмет: Известување за прифатливост на Предлог -иницијатива**

**Почитувани,**

До Кабинетот на заменик на Претседателот на Владата задолжен политики за добро владеење од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија-Одделение за соработка со невладини организации, доставена е Предлог-иницијатива од Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис Скопје, со наслов: Обединување на постоечките индекси за отвореност и активна транспарентност во една самооценувачка структура за транспарентност и изработка на платформа за самоевалуација на исполнувањето на утврдените обврски од страна на институциите.

Видно од образложението на Предлог-иницијативата, причините за предлагање на истата е дека постојат обврски во неколку последователни Акциски планови за Партнерство за отворена власт, законската рамка но и меѓународни документи кон кои е обврзана нашата држава. Воедно е наведено дека оваа иницијатива е во насока на обединување на постоечките индекси на отвореност и активна транспарентност преку изработка на платформа за евалуација на исполнување на утврдените обврски од страна на институциите, со продолжување на независниот мониторинг од граѓанскиот сектор.

Во изминатиот период Кабинетот на заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење во оваа насока презема конкретни активности за подобрување на активната транспарентност на институциите, како и за подобрување на одговорното, транспарентно и отечно работење на истите со поддршка на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и граѓанскиот сектор.

Во таа насока активностите на кабинетот треба и да продолжат, па оттаму изразуваме подготвеност заедно со Вашата Фондација да ја продолжиме искрената соработка, и оваа иницијатива дека стане составен дел на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година.

Заменик на Претседател на Владата
задолжен за политики за добро владеење
Славица Грковска

Подготвила: Маја Ралевска, кабинетски службеник
Одобрила: Татјана Поповска, шеф на кабинет

Копие до: Генерален секретаријат на Влада-Одделение за соработка со невладини организации